РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-1977/1
23.03.2011 год.
СКОПЈЕ

- проф. д-р М. Пешевски
- досие

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

| Примено: 04.04.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | -729/1 | 1 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00 44/02 82/08 и 167/10), а во врска со член 104 став 2 и член 22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/208, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 и 17/11), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од втор циклус интердисциплинарни студии по Менаџмент на агротуризам организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна и Економскиот Институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус интердисциплинарни студии по Менаџмент на агротуризам, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна и Економскиот Институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, на решението бр. Сл. 12 од 14.10.2008 година, за акредитација на студиската програма по Менаџмент на агротуризам, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна и Економскиот Институт во Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, до Министерството за образование и наука, се обрати со барање под наш број 12-2056/1 од 14.03.2010 година, за извршувае на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведента студиска програма.

Министерот за образование и наука, за ова цел со Решение број 12-92056/2 од 25.03.2010 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 24.09.2010 година, изврши увид и изготви извештај број 12-2056/3-10 од 21.03.2011 година, каде е наведено дека Факултетот за земјоделски науки и храна и Економскиот Институт при Унверзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува условите за почеток со работа на гореневедената студиска програма, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

Доставено до:
- примач
- архива

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити

- проф. д-р Д. Гоцевски
- досие

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 15-2158/1
29.03.2011 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

| Примено: 04.04.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | -730/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 и 17/10), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус меѓународни последипломски студии по Агробизнис, организирани од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на меѓународни последипломски студии по Агробизнис, организирано од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, на решението бр. Сл. 12 од 10.02.2009 година, за акредитација на студиската програма по Агробизнис, организирано од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје до Министерството за образование и наука, се обрати со барање под наш број 12-2055/1 од 15.03.2010 година, за извршувае на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма.

Министерот за образование и наука, за ова цел со Решение број 12-2055/2 од 25.03.2010 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 24.09.2010 година, изврши увид и изготви извештај број 12-2055/3-10 од 21.03.2011 година, каде е наведено дека Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува условите за почеток со работа на горeневедената студиска програма, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ

Доставено до:
- примач
- архива

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-10052/4
12.07.2013
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии и на втор циклус на едногодишни и двегодишни на Факултетот за земјоделски науки во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Поледелство, Градинарство и цвеќарство, Лозарство и винарство, Овоштарство со лозарство, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Заштита на растенија-фитомедицина, Еко-земјоделство, Преработка на земјоделски производи и Квалитет и безбедност на храна, на втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Фитомедицина, Растителна биотехнологија, Преработки на земјоделски производи од анимално потекло, Механизација, Менаџмент на природните ресурси и животната средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на храна и Анимална биотехнологија и на втор циклус двегодишни студии по Агроекономика на Факултетот за земјоделски науки во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр. бр.12-248/2 од 31.05.2013 година за усогласување и акредитација на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Поледелство, Градинарство и цвеќарство, Лозарство и винарство, Овоштарство со лозарство, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Заштита на растенија-фитомедицина, Еко-земјоделство, Преработка на земјоделски производи и Квалитет и безбедност на храна и Решение бр.12-341/2 од 20.01.2013 година за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Фитомедицина, Растителна биотехнологија, Преработки на земјоделски производи од анимално потекло, Механизација, Менаџмент на природните ресурси и животната средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на храна и Анимална биотехнологија и на втор циклус двегодишни студии по Агроекономика, Факултетот за земјоделски науки во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 07-1496/1 од 01.07.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-10052/1 од 02.07.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програма.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-10052/2 од 05.07.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.07.2013 година, изврши увид и изготви извештај 13-10052/3 од 05.08.2013 година каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Поледелство, Градинарство и цвеќарство, Лозарство и винарство, Овоштарство со лозарство, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Заштита на растенија-фитомедицина, Еко-земјоделство, Преработка на земјоделски производи и Квалитет и безбедност на храна, на втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Фитомедицина, Растителна биотехнологија, Преработки на земјоделски производи од анимално потекло, Механизација, Менаџмент на природните ресурси и животната средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на храна и Анимална биотехнологија и на втор циклус двегодишни студии по Агроекономика на Факултетот за земјоделски науки во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити